

***In memoriam***

По кратко боледување, на 12.4.2022 г. почина Јован Трпеноски, човекот што остави белег во македонското правосудство. Важеше за извонреден стручњак во областа на правото, а долги години беше претседател на Здружението за кривично право и криминологија (1983 – 1992).

Роден бил во Охрид во 1935 година. Дипломирал на Правниот факултет во Скопје во 1959 година, положил правосуден испит во 1963 година, по што се вработил во Јавното обвинителство. Бил Општински јавен обвинител во Охрид (1969 – 1974), Окружен јавен обвинител во Скопје (1974 – 1984) и Јавен обвинител на Социјалистичка Република Македонија (1984 – 1989). Потоа ја извршувал функцијата Републички секретар за внатрешни работи (1989 – 1991), па Заменик јавен обвинител на Република Северна Македонија (1991 – 1992), а до своето пензионирање во 2009 година бил адвокат и основач на Адвокатското друштво ТРПЕНОСКИ.

Член бил на Анкетната комисија за човекови права при Собранието на Република Македонија (1998 – 2002) и член на Државната комисија за спречување на корупцијата (2002 – 2006), а една година и нејзин претседател.

До својата смрт останал неуморен борец за правна држава и за почитување на човековите права и слободи.

**УДК 929**